20192223504

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член член 9 став 1 под б точка 3 и став 3, член 33, член 35 и член 56 став 1 точка 3 и член 69 од Законот за здравственото осигурување („Сл. весник на РМ“ бр. број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016 и 142/16 и 171/2017), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 1 октомври 2019 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Член 1

Во Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала („Сл. весник на РМ“ бр. 33/2011, 66/2011, 99/2011, 5/2012, 84/2012, 159/2012, 151/2013, 10/2014, 113/2014, 189/2014, 1/2015, 46/2015, 211/2015, 158/2016, 45/2018, 129/2018, 160/2018, 228/2018, 10/2019, 20/2019, 44/2019 и 82/2019), во член 6 став 1 по зборовите: „член 16,“ се додаваат зборовите: „ член 16-а,“.

Член 2

По член 16 од Правилникот, се додава нов член 16-а кој гласи:

„Осигуреното лице кое има ампутација на едниот или на двата долни екстремитети може да оствари право на протеза со сите составни делови според Списокот на ортопедски и други помагала во следните услови:

1. За ортопедските помагала од вид 1 со шифрите : 1112, 1315, 1405, 1506 и 1507 правото се остварува врз основа на оценка и наод на Лекарска комисија на Фондот по претходно набавен специјалистички извештај од физијатар или ортопед во кој се потврдува среден/висок степен на активност на осигуреното лице и можноста на целосна примена и функција на протезата.
2. За ортопедските помагала од вид 1 со шифрите : 1112, 1316, 1405, 1506 и 1507 правото се остварува врз основа на оценка и наод на Лекарска комисија на Фондот по претходно набавен специјалистички извештај од физијатар или ортопед во кој се потврдува висок степен на активност на осигуреното лице и можноста на целосна примена и функција на протезата.
3. За ортопедското помагало од вид 1 со шифра 1113 правото се остварува доколку осигуреното лице е во работен однос или врши дејност врз основа на која е осигурено, како и децата кои се на школување до 18 односно 26 годишна возраст, а врз основа на оценка и наод на Лекарска комисија на Фондот по претходно набавен специјалистички извештај од физијатар или ортопед во кој се потврдува висок степен на активност на осигуреното лице и можноста на целосна примена и функција на протезата.

Осигуреното лице кое користи силиконска навлака за чунка на ногата, може да користи една навлака годишно со заверка на една потврда.

Протезите од став 1 точка 1, 2 и 3 на овој член може да се одобрат на осигуреното лице на возраст од 7 до 65 години.

Потврда за потреба на ортопедско помагало од овој член ја пропишува лекар специјалист по физијатрија или ортопедија.“

Член 3

Во член 21 по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Рокот на траење на протезите од член 16-а од овој Правилник изнесува:

- за осигурени лица, деца над 7 до 18 годишна возраст - 12 месеци;
- за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 36 месеци;

Досегашниот став 2 станува став 3 и останува неизменет.“

Член 4

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот НАДКОЛЕНИ ПРОТЕЗИ од вид 1, шифра 1112- Надколена скелетна протеза со карбонско лежиште, се заменува со следната табела:

вид	Шифра	Назив на помагалото, материјал,резервни делови,	Индикации	Помагалото	Рок на употреба во месеци според возраста				Партиципација	Забелешка	Количина месечна	Единечна цена со сите давачки	Начин на производство	Медицински индикации
		потрошен материјал	по правилник	го препишува	до 7 год	над 7 години	над 18 до 65 год	над 65 год						
1	1112	Надколена скелетна протеза со карбонско лежиште	Член 16-а	Потврда од Ортопед или физијатар		12	36		не	Лекарска комисија на фондот		132.225,00	индивидуално	Z89.6 стекнат недостиг на нога над колено; Z89.7 стекнат недостиг на двата долни екстремитети; Z89.9 стекнат недостиг на екстремитет неозначено Q72.0 конгенитално отсуство на долен екстремитет(и);

Член 5

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот НАДКОЛЕНИ ПРОТЕЗИ по помагалото од вид 1, шифра 1112- Надколена скелетна протеза со карбонско лежиште, се додава следната табела:

вид	Шифра	Назив на помагалото, материјал,резервни делови,	Индикации	Помагалото	Рок на употреба во месеци според возраста				Партиципација	Забелешка	Количина месечна	Единечна цена со сите давачки	Начин на производство	Медицински индикации
		потрошен материјал	по правилник	го препишува	до 7 год	над 7 години	над 18 до 65 год	над 65 год						
1	1113	Надколена ендоскелетна протеза со карбонско лежиште, едноосовинско хидраулично колено со микропроцесорска регулација (C-leg) и стопало од јаглеродни влакна за високоактивни корисници	Член 16-а	Потврда од Ортопед или физијатар		12	36		не	Лекарска комисија на фондот		2.028.270,00	индивидуално	Z89.6 стекнат недостиг на нога над колено; Z89.7 стекнат недостиг на двата долни екстремитети; Z89.9 стекнат недостиг на екстремитет неозначено Q72.0 конгенитално отсуство на долен екстремитет(и);

Член 6

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот ЗГЛОБНИ МЕХАНИЗМИ од вид 1, шифра 1315 Хидраулично повеќеосовинско колено, се заменува со следната табела:

вид	Шифра	Назив на помагалото, материјал,резервни делови,	Индикации	Помагалото	Рок на употреба во месеци според возраста				Партиципација	Забелешка	Количина месечна	Единечна цена со сите давачки	Начин на производство	Медицински индикации
		потрошен материјал	по правилник	го препишува	до 7 год	над 7 години	над 18 до 65 год	над 65 год						
1	1315	Хидраулично повеќеосовинско колено	Член 16-а	Потврда од Ортопед или физијатар		12	36		не	Лекарска комисија на фондот		91.952,00	Сериско (составен дел на индивидуално)	Z89.6 стекнат недостиг на нога над колено; Z89.7 стекнат недостиг на двата долни екстремитети; Z89.9 стекнат недостиг на екстремитет неозначено Q72.0 конгенитално отсуство на долен екстремитет(и);

Член 7

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот ЗГЛОБНИ МЕХАНИЗМИ по помагалото од вид 1, шифра 1315 Хидраулично повеќеосовинско колено, се додава следната табела:

вид	Шифра	Назив на помагалото, материјал,резервни делови,	Индикации	Помагалото	Рок на употреба во месеци според возраста				Партиципација	Забелешка	Количина месечна	Единечна цена со сите давачки	Начин на производство	Медицински индикации
		потрошен материјал	по правилник	го препишува	до 7 год	над 7 години	над 18 до 65 год	над 65 год						
1	1316	Хидраулично повеќеосовинско колено со микропроцесорска регулација	Член 16-а	Потврда од Ортопед или физијатар		12	36		не	Лекарска комисија на фондот			Сериско (составен дел на индивидуално)	Z89.6 стекнат недостиг на нога над колено; Z89.7 стекнат недостиг на двата долни екстремитети; Z89.9 стекнат недостиг на екстремитет неозначено Q72.0 конгенитално отсуство на долен екстремитет(и);

Член 8

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот СТОПАЛА од вид 1, по шифра 1405 Карбонско динамичко стопало за високо активни корисници, се заменува со следната табела:

вид	Шифра	Назив на помагалото, материјал,резервни делови,	Индикации	Помагалото	Рок на употреба во месеци според возраста				Партиципација	Забелешка	Количина месечна	Единечна цена со сите давачки	Начин на производство	Медицински индикации
		потрошен материјал	по правилник	го препишува	до 7 год	над 7 години	над 18 до 65 год	над 65 год						
1	1405	Карбонско динамичко стопало за високо активни корисници	Член 16-а	Потврда од Ортопед или физијатар		12	36		не	Лекарска комисија на фондот		87.008,00	Сериско (составен дел на индивидуално)	Z89.5 стекнат недостиг на нога до и под колено Z89.6 стекнат недостиг на нога над колено; Z89.7 стекнат недостиг на двата долни екстремитети; Z89.9 стекнат недостиг на екстремитет неозначено Q72.0 конгенитално отсуство на долен екстремитет(и); Q72.2 конгенитално отсуство на подколеница и стапало

Член 9

Во Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот, во делот СУСПЕНЗИИ И КОЗМЕТИКА од вид 1, шифра 1506 Надколена силиконска навлака за чунка и шифра 1507 Суспензија за брзо навлекување на протеза (KISS SYSTEM), се заменува со следната табела:

вид	Шифра	Назив на помагалото, материјал,резервни делови,	Индикации	Помагалото	Рок на употреба во месеци според возраста				Партиципација	Забелешка	Количина месечна	Единечна цена со сите давачки	Начин на производство	Медицински индикации
		потрошен материјал	по правилник	го препишува	до 7 год	над 7 години	над 18 до 65 год	над 65 год						
1	1506	Силиконска навлака за чунка	Член 16-а	Потврда од Ортопед или физијатар		12	12		не	Лекарска комисија на фондот		14.066,00	Сериско (составен дел на индивидуално)	Z89.5 стекнат недостиг на нога до и под колено Z89.6 стекнат недостиг на нога над колено; Z89.7 стекнат недостиг на двата долни екстремитети; Z89.9 стекнат недостиг на екстремитет неозначено Q72.0 конгенитално отсуство на долен екстремитет(и) ; Q72.2 конгенитално отсуство на подколеница и стапало
1	1507	Суспензија за брзо навлекување на протеза	Член 16-а	Потврда од Ортопед или физијатар		12	36		не	Лекарска комисија на фондот		13.407,00	Серисо (составен дел на индивидуално)	Z89.5 стекнат недостиг на нога до и под колено Z89.6 стекнат недостиг на нога над колено; Z89.7 стекнат недостиг на двата долни екстремитети; Z89.9 стекнат недостиг на екстремитет неозначено Q72.0 конгенитално отсуство на долен екстремитет(и) ; Q72.2 конгенитално отсуство на подколеница и стапало

Член 10

Во Шифрарникот на ортопедски помагала, во делот НАДКОЛЕНИ ПРОТЕЗИ по помагалото од вид 1, по шифра 1112 - Надколена скелетна протеза со карбонско лежиште, се додава следната табела:

Вид	Шифра	Назив на помагалото, материјал,резервни делови, потрошен материјал
1	1113	Надколена ендоскелетна протеза со карбонско лежиште, едноосовинско хидраулично колено со микропроцесорска регулација (C-leg) и стопало од јаглеродни влакна за високо активни корисници

Член 11

Во Шифрарникот на ортопедски помагала, во делот ЗГЛОБНИ МЕХАНИЗМИ по помагалото од вид 1, по шифра 1315 - Хидраулично повеќеосовинско колено, се додава следната табела:

Вид	Шифра	Назив на помагалото, материјал,резервни делови, потрошен материјал
1	1316	Хидраулично повеќеосовинско колено со микропроцесорска регулација

Во Шифрарникот на ортопедски помагала, во делот СУСПЕНЗИИ И КОЗМЕТИКА во помагалото од вид 1, со шифра 1506 – Надколена силиконска навлака за чунка во делот од табелата „назив на помагалото, материјал, резервни делови, потрошен материјал“ се брише зборот „надколена“, а во шифрата 1507 - Суспензија за брзо навлекување на протеза (KISS SYSTEM) се бришат зборовите „(KISS SYSTEM) “

Член 12

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-16335/4
1 октомври 2019 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
д-р **Ридван Асани,** с.р.